Агенција за вработување на Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
0901-368
15.05.2015
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2015 година, предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011 – 2015 година за програма „Промовирање на одржливи вработувања IV и поддршка на Владата во спроведување на Оперативниот план за активни мерки на пазарот на труд за 2015", Агенција за вработување на Република Македонија во соработка со општина Свети Николе, на ден **15.05.2015** година, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

до

невработени евидентирани лица
кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот

1. Се повикуваат невработените евидентирани лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на труд и од другите ранливи категории, кои се заинтересирани за ангажирање во сферата на социјалната заштита за потребите на граѓаните од Свети Николе, да се пријават во работниот клуб на Центарот за вработување на АВРМ - Свети Николе.

2. Ангажирањето е на определено скратено работно време во период до 6 месеци за што ќе се исплаќаат по 6.000,00 денари за лице месечно за 20 работни часа неделно со вклучени персонален данок и осигурување од повреда на работно место, доколку лицето е корисник на социјална парична помош не му се укинува истата за време на ангажманот.

3. Заинтересираните невработени лица од точка 1 на овој Јавен оглас, може да се пријавуваат за вршење на работи и работните задачи за следните работни места:

**<u>1. Медицинско лице за помош на семејствата кои живеат со лица со целебрална парализа - 2 лица</u>**

<u>Општи и посебни услови:</u>

- Средна Стручна спрема/Висока стручна спрема (VII/1) – од областа на Медицината;
- Да е активен барател на работа;
- Способност за работа со лица со церебрална парализа;
- Способност за тимска работа;
- Комуникациски способности;
- Организираност и самоиницијативност;
- Со или Без работно искуство во струката.

**<u>2. Едукатор по физичка активност за децата од претшколска возраст (2-6 год.) во детската градинка и лицата со попречен интелектуален развој – 1 лице</u>**

<u>Општи и посебни услови:</u>

- Висока стручна спрема (VII/1) – Физичка култура;
- Да е активен барател на работа;
- Способност за работа со деца од најмала возраст и лица со посебни потреби;
- Способност за тимска работа;
- Комуникациски способности;
- Организираност и самоиницијативност;

- Со или Без работно искуство во струката.

**3. Едукатор по англиски јазик за децата од големите групи (5-6 годишна возраст) во детската градинка – 1 лице**

Општи и посебни услови:

- Висока стручна спрема (VII/1) – Филолошки факултет – Англиски јазик;
- Да е активен барател на работа;
- Способност за работа со деца од најмала возраст;
- Способност за тимска работа;
- Комуникациски способности;
- Организираност и самоиницијативност;
- Со или Без работно искуство во струката.

**4. Едукатор за друштевна игра Шах – 1 лице**

Општи и посебни услови:

- Средна стручна спрема;
- Да е активен барател на работа;
- Да е активен играч или добар познавач на шахот;
- Способност за тимска работа;
- Комуникациски способности;
- Организираност и самоиницијативност;
- Со или Без работно искуство во струката.

**5. Едукатор по ликовна уметност за децата од детската градинка и лицата со попречен интелектуален развој – 1 лице**

Општи и посебни услови:

- Висока стручна спрема (VII/1) – Ликовна уметност;
- Да е активен барател на работа;
- Способност за работа со деца од најмала возраст и лица со посебни потреби;
- Способност за тимска работа;
- Комуникациски способности;
- Организираност и самоиницијативност;
- Со или Без работно искуство во струката.

Сите заинтересирани кандидати може да аплицираат до 22.05.2015 година во Центарот за вработување Свети Николе.
Формуларите за аплицирање, може да се подигнат во Центарот за вработување Свети Николе, секој работен ден од 8 и 30 до 16 и 30.

За подетални информации, сите заинтересирани можат да ги добијат во работниот клуб на Центарот за вработување на Свети Николе или на телефонскиот број на центарот 032/443-920.

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**/ЗОРАН ТАСЕВ/**